PR.I.S.C.I.LLA
Preventing Incident of Sexual Cyberbullying in Intellectual disability

www.priscillaproject.eu

# Градење безбедни дигитални простори: Започна проектот „ПРИШИЛА“, проект за заштита и зајакнување на младите лица со интелектуална попреченост!

Проектот ПРИШИЛА – Превенција на случаеви на сексуално сајбер-насилство кај лицата со интелектуална попреченост - иницијатива финансирана преку програмата Еразмус+ од Европската Унија, ќе започне со цел развој на уникатна едукативна програма која ќе им се помогне на младите лица со интелектуална попреченост да ги користат социјалните мрежи и интернетот на безбеден и одговорен начин за социјални односи.

## Задоволување на растечките потреби

Во денешниот дигитално поврзан свет, социјалните медиуми нудат вредни можности за социјална интеракција, но исто така носат значајни ризици, особено за ранливите групи како што се младите со интелектуална попреченост. Проектот ПРИШИЛА директно се справува со овие предизвици преку развивање на едукативни ресурси кои ќе ги оспособат овие лица. Преку нивно „опремување“ со основни вештини, проектот им овозможува да ги максимизираат придобивките од дигиталниот свет – проширувајќи ги нивните социјални мрежи и зајакнувајќи ги позитивните идентитети кои се карактеризираат со здраво и конструктивно чувство за себе. Истовремено, ПРИШИЛА има за цел да ги намали ризиците поврзани со онлајн просторот, како што се сексуално вознемирување и сајбер-насислтво. Овој сеопфатен пристап, исто така, го промовира развојот на клучни психолошки вештини, вклучително зголемена самодоверба, самосвест, самоопределување, автономност и независност.

## Цели и опсег на проектот

Со Проектот ПРИШИЛА

- Ќе се развие сеопфатна педагошк*а методологија специјално прилагодена за млади лица со интелектуална попреченост* за да ги научи како безбедно да ги користат социјалните медиуми и дигиталните платформи.
- Ќе се креира *обука за младински работници* обезбедувајќи им неопходни вештини и алатки за да ги водат младите со интелектуална попреченост низ процесот на учење и да им понудат поддршка во случаи на сомнеж за злоупотреба.

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се сепак тие само на авторот(те) и неопходно ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271

Co-funded by the European Union

- *ќе ја подигне свесноста меѓу клучните чинители, вклучително родителите, негувателите и професионалците,* за можностите и ризиците од користењето на социјалните медиуми за лица со интелектуална попреченост како и за начините на кои можат да им помогнат во управувањето со тие ризици.

Преку спроведување на оваа програма, ПРИШИЛА нема само да им овозможи на млади лица со интелектуална попреченост да имаат придобивка од тековната дигитална трансформација, туку ќе го подобрат квалитетот на младинската работа преку подобрување на професионалните вештини на оние кои работат со оваа група.

**Иновативен и влијателен**

Проектот ПРИШИЛА се истакнува како иновативно решение во област каде што постои јасна празнина во постојните образовни ресурси. Спроведеното истражување, вклучително прегледувањето на литературата и теренското истражување, покажаа дека иако постојат проекти кои се занимаваат со сајбер-насилство и попреченост, ниту еден посебно не е фокусиран на прашањата за сексуално сајбер-насилство и онлајн злоупотреба на лицата со интелектуална попреченост.

Програмата ќе промовира принцип на *позитивно управување со ризици*, охрабрувајќи ги младите лица со интелектуална попреченост да се вклучат во дигиталниот свет ефикасно управувајќи со вклучените ризици. Проектот ќе поддржи споделено донесување одлуки, каде што младите лица со интелектуална попреченост, професионалците, родителите и пошироката заедница ќе работат заедно на балансирање на придобивките и ризиците од користењето на технологијата.

**Очекувани резултати**

Како резултат на оваа иницијатива:

- ✔ Младите лица со интелектуална попреченост ќе стекнат знаење и самодоверба за безбедно користење на социјалните медиуми и ќе ги искористат позитивните аспекти на онлајн интеракцијата.
- ✔ Младинските работници ќе бидат опремени со нови вештини кои ќе ја подобрат нивната способност да ја поддржат оваа целна група и понатаму да го унапредат нивниот професионален развој.
- ✔ Родителите и неформалните негуватели ќе бидат подобро информирани за тоа како да им помогнат на своите деца одговорно да ги користат социјалните медиуми, особено во однос на сексуалноста и односите.

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се сепак тие само на авторот(me) и неопходно ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271
Co-funded by the European Union

Проектот ПРИШИЛА ќе пополни важна празнина во образовните програми низ Европа, осигурувајќи дека младите лица со интелектуална попреченост безбедно ќе учествуваат во дигиталниот свет и ќе градат значајни, позитивни социјални врски.

**Запознајте ја ПРИШИЛА: Гласот против сексуално сајбер-насилство**

Проектот има многу специфична маскота, Пришила. Таа е млада жена со лесна интелектуална попреченост, која ќе биде гласноговорник во борбата против сајбер-насилството. Ќе ја придружуваат и други ликови , секој со својата сопствена уникатна перспектива и порака за ова важно прашање. Приклучете ни се и откриете ги авантурите со кои се соочуваат заедно!

За повеќе информации и новости за проектот ПРИШИЛА , посетете ја веб страницата www.priscillaproject.eu и следете нè на социјалните медиуми со користење на хаштагот **#PRISCILLA_PROJECT**.

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**

- За да дознаете повеќе за проектот ПРИШИЛА и за да се вклучите во активностите, ве молиме следете ја ВЕБ СТРАНИЦАТА https://priscillaproject.eu/
- ПРИШИЛА е кофинансиран од Еразмус+ програмата според Договорот за грант: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271
- Контакт информации: Каја Милошевска, Центар за семејно и детско згрижување – КМОП Скопје, miloshevska.k@kmop.org

*Финансиран од Европската Унија. Искажаните гледишта и мислења се сепак тие само на авторот(ите) и неопходно ги одразуваат тие на Европската Унија или на Европската извршна агенција образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да се сметаат одговорни за нив.*
Број на проект: 2023-2-RO01-KA220-YOU-000174271

Co-funded by the European Union